

# ТРАНСПАРЕНТНИ (ГЛИЦЕРИНСКИ) САПУНИ

## Шеа

Сапун со шеа путер и брашно од семки од грозје.

- Шеа путер - Шеа путерот  е природен навлажнувач на кожата и има омекнувачки, измрсувачки и кондиционирачки својства. Маслото дејствува регенерирачки на епидермисот и ја зголемува  еластичноста на кожата. Во сапунот, шеа  путерот придава финост и обилност на сапунската пена.

- Брашно од семки од грозје - лековитите својства на грозјето и семките од грозје се познати уште од антиката. Тие се богати со полифеноли - исклучително вредни и лековити супстанци. Ги неутрализираат агресивните, слободни радикали во ораганизмот  и ја штитат кожата од стареење. Малите честички од семките од грозје дополнително ја ексфолираат и масираат нежно вашата кожа.